20252635072

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став (2) од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10д (Делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.163/21, 111/23 и 255/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРОЕКТОТ КОРИДОР 8 И КОРИДОР 10Д ЗА 2026 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата потребни за финансирање на патната инфраструктура за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридорот 10д, кои се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 13001 Министерство за транспорт, Потпрограма 2М-Инвестиции во патна инфраструктура, Категорија 48 Капитални расходи, на Ставката 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, во износ од **6.334.000.000** денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма се користат за Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридорот 10д, согласно Договорот потпишан помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта со архивски број 09-2234/1 од 8.3.2023 година, Министерство за транспорт и врски со архивски број 15-1696/1 од 8.3.2023 година и Бехтел/Енка за изградба на Коридор 8 и Коридорот 10Д, како и за работите поврзани со експропријација во врска со спроведување на Проектот и тоа:

- за капитални индиректни трошоци, односно се однесува на трошоци кои се од странски изведувач и се во функција на поддршка на градежни активности вклучувајќи асистенција од специјалисти за технички, комерцијален и управувачки капацитет за надгледување на проектот и надгледување на активностите на проектот од персонал од главната канцеларија на изведувачот;
- за изработка на проектна документација за изградба на автопатиштата, за проектирање и изведба на дислокации на подземни и надземни инсталации, подготвителни градежни активности на траса;
- за градежни активности за изградба на траса, геомеханички истраги, геодетски работи, обезбедување на канцеларии и потреби за надзорот и други обврски на Инвеститорот во согласност со Договорот, за патните правци:

Делница 1, Тетово – Гостивар;
Делница 2, Гостивар – Букојчани;
Делница 3, Требеништe – Струга – Ќафасан и
Делница 4, Прилеп – Битола;

- за експропријација по однос на склучени спогодби со сопствениците, односно правосилни решенија за експропријација донесени од Министерството за финансии-Управата за имотно-правни работи и налози за извршување во врска со експропријација, за привремени застапници определени согласно член 29-а од Законот за експропријација, врз основа на правосилно решение од Министерството за финансии-Управата за имотно-правни работи, за пренамена на шума и шумско земјиште и пренамена на земјоделско

земјиште во градежно неизградено земјиште, за сеча, дотур и превоз на дрвната маса од земјиштето предмет на трајна пренамена за изградба, за изготвување на вештачења за вонпарничните постапки кои се водат пред надлежните судови, а кои трошоци се определени врз основа на судска наредба за вештачење, за увид на лице место, определени врз основа на решение од надлежен суд, како и за сите други работи поврзани со експропријација, во врска со спроведување на Проектот.

3. Исплатата на средствата од точка 2 алинеи 1, 2 и 3 од оваа програма се врши врз основа на претходно извршен надзор и доставено барање со наведен износ за исплата и копија од ситуација со комплетна исплатна документација, која Јавното претпријатие за државни патишта ја доставува до Министерството за транспорт.

Исплатата на средствата од точка 2 алинеја 4 од оваа програма ќе се врши врз основа на барање поднесено до Министерството за транспорт со проценет износ за исплата од Проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридорот 10д. За начинот на користење на средствата, Јавното претпријатие за државни патишта треба да доставува месечни извештаи до Министерството за транспорт.

4. Врз основа на доставеното барање со документацијата од точка 3 став 1 од оваа програма, односно доставеното барање со проценет износ за исплата од Проектната единица за спроведување на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 и Коридорот 10д од точка 3 став 2 од оваа програма, Министерството за транспорт врши исплата на средствата на Јавното претпријатие за државни патишта.

5. За начинот на користење на средствата од оваа програма, Јавното претпријатие за државни патишта треба да достави извештај до Владата на Република Северна Македонија и до Министерството за транспорт, најдоцна до 30 јуни 2027 година.

6. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-11943/4
26 декември 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.